КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

# ИНФОРМАТИВНО ПИСМО

Декември, 2015

До

Барателите и Имателите на информации

од јавен карактер

**Почитувани,**

Согласно доверените обврски и законски надлежности, Комисијата преку разни видови на активности посветено настојува да ја унапреди соработката со имателите и барателите на информации и да го го афирмира правото на пристап до информации од јавен карактер. За таа цел, Комисијата се јавува како организатор,соорганизатор и активен учесник на поголем број работилници, тркалезни маси, меѓународни конференции и панел дискусии, кои се однесуваат на сферата на слободниот пристап до информациите од јавен карактер.

Со намера да ги афирмира придобивките и најдобрите практики од овие средби, Комисијата ги користи сите расположиви начини за нивна презентација и за своја промоција. Како своевиден медиум за континуирано известување на основните целни групи на посетители, сепак, најчесто служи ВЕБ страницата на Комисијата www.komspi.mk

**Поканувајќи Ве во својство на иматели и баратели** во иднина што почесто да ја посетувате истата, Ве информираме дека на овој начин ќе имате можност да добиете целосен пресек на најзначајните податоци и прашања врзани со примената на Законот, а пред се за решенијата и заклучоците усвоени на седниците на Комисијата по поднесените жалби од барателите на информации. Одржувањето на сите позначајни настани е проследено со објавување на соодветни вести и извештаи поместени на насловната страна. Вестите се целосно архивирани, а во функција на поедноставно листање на содржините, но пред се за пребарување на Листата со досега евидентираните иматели на информации од јавен карактер, е вграден и пребарувач. На ВЕБ страницата во посебен банер е поставен краток анимиран филм, кој всушност е своевидна медиумска кампања за издигнување на свеста, поконкретно за запознавање и едукација на граѓаните за нивното уставно загарантираното право на слободен пристап до информациите од јавен карактер. Неколкуте поместени брошури, ја заокружуваат можноста за детално запознавање на барателите со нивните обврски и на имателите со нивното право да бараат информации и да бидат информирани.

Посебно практичен е и банерот во кој на едно место во електронска форма се поместени образец за барање за пристап до информации од јавен карактер и образец за жалба.

Комисија за Заштита на Правото за Слободен Пристап до Информациите од Јавен Карактер
бул.„Гоце Делчев„ бр.18
(02) 3114-695
(02) 3118-038
e-mail: komspi@komspi.mk
www.komspi.mk